# ИЗВЕШТАЈ ОД НАБЉУДУВАЊЕ НА АКЦИСКИТЕ ПЛАНОВИ НА - ЗАЕДНИЧКИ РЕГИОНАЛЕН ПАЗАР: ОБЛАСТ ДИГИТАЛИЗАЦИЈА - ЗЕЛЕНА АГЕНДА: ОБЛАСТ ДЕКАРБОНИЗАЦИЈА

Северна Македонија

supported by:
Auswärtiges Amt

Лидерите на шесте земји од Западен Балкан – Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија, го поддржаа Акцискиот план за заеднички регионален пазар (CRM) 2021-2024 година и Акцискиот план за зелена агенда (2021-2030) Самитот на Берлински процес одржан на 10 ноември 2020 година во Софија.

Врз основа на извештаите за имплементација на Советот за регионалната соработка и секундарна анализа на достапни податоци спроведени во период од јануари до јуни 2024, Институтот за демократија прави осврт на моменталното ниво на имплементација на овие акциски планови во Северна Македонија.

Акцискиот план за заеднички регионален пазар е поделен во четири клучни области: 1) **област на регионална трговија**: слободно движење на стоки, услуги, капитал и луѓе, вклучувајќи и меѓу-секторски мерки, како што се Зелените ленти, во насока на усогласување со правилата и стандардите на ЕУ и обезбедување можности за компаниите и граѓаните; 2) **област на регионално инвестирање**, за целите на усогласување на инвестициските политики со стандардите на ЕУ и со најдобрите меѓународни практики и промовирање на регионот пред странските инвеститори; 3) **регионална дигитална област**, со цел интегрирање на Западен Балкан во паневропскиот дигитален пазар; и 4) **регионална индустриска и иновациска област**, со цел трансформирање на дејностите, обликување на синџирите на вредности на кои тие им припаѓаат и нивно подготвување за реалноста на денешницата и за предизвиците на утрешнината. За потребите на овој извештај, активностите се следат само во делот на **регионалната дигитална област**, со главен фокус на роамингот како најново достигнување.

Акцискиот план на зелената агенда е поделен во пет клучни области: **декарбонизација, циркуларна економија, елиминирање на загадувањето, одржливо земјоделство, заштита на природата и биодиверзитетот**. Во овој извештај, исто како и во однос на заедничкиот регионален пазар, акцентот е ставен само на декарбонизацијата и на нивото на имплементација на активностите кои се предвидени во оваа област.

Заеднички регионален пазар – регионална дигитална област

Заеднички регионален пазар **–** Регионална дигитална област

- **Инфраструктура и поврзаност**
  Северна Македонија постигна значителен напредок во развојот на дигиталната инфраструктура, вклучувајќи го зголемувањето на покриеноста со интернет *и* формирањето на Канцеларија за бродбенд компетентност *(BCOs).* Сепак, предизвик е ниската покриеност со ултра брз интернет.
- **Дигитални вештини и компетенции**
  Иако е донесена Национална стратегија за ИКТ, се очекува донесување на Стратегија за диги-

талализација на образовниот систем. Потребни се дополнителни политики за унапредување на дигиталните вештини, особено во образованието

- **Регионална трговија**
  Областите на регионална трговија *и* слободно движење на стоки, услуги, капитал *и* луѓе се критични за усогласување со правилата *и* стандардите на ЕУ. Овие активности обезбедуваат можности за компаниите *и* граѓаните во Западен Балкан.
- **Инвестиции**
  Постојат активности за усогласување на инвестициските политики со ЕУ стандарди, со цел привлекување странски инвестиции *и* промовирање на регионот како атрактивна дестинација за инвеститори.
- **Сајбер безбедност и доверба**
  Иако се предвидени активности за унапредување на сајбер безбедноста *и* заштитата на податоците, недостатокот на институционални капацитети останува значаен предизвик за нивно спроведување.

Зелена агенда - декарбонизација

- **Обновлива енергија**
  Северна Македонија става акцент на обновливите извори на енергија, со поставени среднорочни *и* долгорочни цели за намалување на емисиите. Земјата го усвои четвртиот Национален план за климатски промени во февруари *2023* година.
- **Енергетска ефикасност**
  Енергетската ефикасност е клучен приоритет за климатските *и* енергетските политики. Министерството за животна средина, со меѓународна поддршка, подготвува документи за проценка на социо-економското влијание на декарбонизацијата.
- **Зелен транспорт**
  Политиките *и* законодавството се насочени кон обезбедување решенија за зелениот транспорт. Планирани се нови активности, како Законот за климатска акција *и* ажурирање на Националниот план за енергетика *и* клима.
- **Климатска акција**
  Во согласност со нацрт-законот за климатска акција, Министерството за животна средина е обврзано на секои две години да поднесува извештаи за националните политики *и* мерки за намалување на емисиите на стакленички гасови.

| ЗАЕДНИЧКИ РЕГИОНАЛЕН ПАЗАР – РЕГИОНАЛНА ДИГИТАЛНА ОБЛАСТ – МАКЕДОНИЈА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност | Рок | Напредок (политики, активности) | **Релевантни институции** | **Набљудување во период од јануари до јуни 2024** |
| **ДИГИТАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПОВРЗАНОСТ** | | | | |
| **Обезбедување фиксен пристап до широкопојасен интернет за огромното мнозинство од домаќинствата** | 2024 година | 15% од ИКТ инфраструктурата се користи за покривање на земјата за цели на фиксен радиодифузен интернет а само 1,2% од инфраструктурата се користи за ултра брз радиодифузен интернет<br>30% од домаќинствата имаат 30-100 mbps, а само 2% користат интернет од најмалку 100 mbps<br>Во 2022 година, 99,48% од населението е покриено со фиксен радиодифузен интернет.[1] | Агенција за аудио и аудиовизуелни комуникации<br>Агенција за електронски комуникации<br>Министерство за информатичко општество и администрација<br>Национална канцеларија за бродбенд компетентност<br>Државен завод за ревизија | Нема нови информации за имплементација на националната стратегија за ИКТ, меѓутоа истата е спомената во Реформската агенда за Планот за раст на Западен Балкан во областа на “Дигитална и енергетска/зелена транзиција” во секторот Дигитализација и дигитални вештини. |
| Воспоставување Канцеларии за бродбенд компетентност (BCOs) во Западен Балкан (каде што ги нема) и зајакнување на нивните капацитети за поддршка на распоредувањето на широкопојасен интернет | 2021 година | Основано. | МИОА, Национална канцеларија за бродбенд компетентност на Северна Македонија | Националната канцеларија за бродбенд компетентност го следи Националниот оперативен бродбенд план 2019-2029 (НОБП). За имплементацијата на овој план се изготвуваат шест месечни извештаи. Од последниот извештај за период (октомври 2023 – март 2024) може да се забележи дека во овој период Канцеларијата ја поддржувала Владата во креирањето на новиот Закон за електронски комуникации и го набљудувала процесот на изработка на Студија за изводливост на Националната транспортна оптичка мрежа (НТОМ) од страна на консултантската куќа COWI. |

1 Работен документ на Националната стратегија за развој 2025-2045 година

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Интерконекција на академски и истражувачки мрежи во шесте земји од Западен Балкан, со поддршка и соработка на GEANT | 2022 година | Северна Македонија е дел од паневропскиот GEANT. Поточно, Северна Македонија е претставувана од МАРНЕТ. МАРнет е јавна институција која врши дејности од јавен интерес.<br><br>Основана е со донесување на Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа - | Универзитети, Министерство за образование и наука | Како членка во GEANT, МАРнет е директно вклучен во градењето на политиките поврзани со брзите академски мрежи, но и услугите кои се нудат врз овие мрежи. МАРнет е национален роаминг оператор за сервисот Eduro-am, еден од најзначајните сервиси на GEANT кој на истражувачите им овозможува потполно транспарентно и безбедно поврзување на безжичните академски мрежи во преку 100 земји во светот. МАРнет, со поддршка на универзитетите во државата, нуди и други сервиси на академската заедница како eduGAIN (сервис за безбедна автентикација и авторизација), безбедносни сертификати и сл.<br><br>Во моментов активен е проектот GEANT GN5-1 од програмата Хоризонт Европа, во кој истражувачите од Македонија имаат значајна улога. Во рамките на овој проект, постои иницијатива наречене Форум на Југоисточна Европа, координирана од страна на претставници на GEANT и на МАРнет/УКИМ, а која има за цел да ја продлабочи соработката помеѓу академските мрежи од југоисточна Европа, со посебен фокус на мрежите од Западен Балкан. |
| Развој на патоказ за 5G за Западен Балкан и обезбедување ефективна имплементација во согласност со временската рамка дефинирана во патоказот | 2023 година | Дискусиите за развојот на 5G во регионот започнаа во октомври 2020 година, вклучително и започнување на имплементацијата на Меморандумот за разбирање во врска со патоказот за 5G за целите на дигитална трансформација во земјите од Западен Балкан кој беше потпишан за време на Третиот дигитален самит на Светска банка што се одржа во Тирана во октомври 2020 година.[2] Сепак, досега не е воспоставен патоказ за 5G. | Министерство за информатичко општество и администрација<br><br>Агенција за електронски комуникации | Според извештајот на генералната секретарка на Регионалниот совет за соработка за известување за периодот од јули 2023-јуни 2024, реформите кои се потребни да се направат во секоја држава во телекомуникацискиот сектор ќе бидат интегрирани во патоказаот. |

2 https://www.rcc.int/priority_areas/54/broadband-and-5g

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Намалување на таксите за роаминг во шесте земји од Западен Балкан и ЕУ-ЗБ преку имплементација на Договорот за роаминг во Западен Балкан и на патоказот за намалување на таксите за роаминг помеѓу ЕУ и Западен Балкан | 2023 година | Почнувајќи од 1 октомври 2023 година, 38 телекомуникациски оператори од ЕУ и Западен Балкан се согласија да го направат роамингот на податоци меѓу земјите од Западен Балкан и ЕУ подостапен за граѓаните и бизнисите во двата региони, и тоа во процес кој е поддржан од Регионалниот совет за соработка (РСС) и Европската комисија. Овој договор е усогласен со Декларацијата за роаминг потпишана на декемврискиот самит ЕУ-Западен Балкан во Тирана.<br>Двата најголеми телекомуникациски оператори во Северна Македонија ја потпишаа Декларацијата за роаминг: Телеком Груп и А1 Македонија.<br>Крајна цел на процесот е да се намалат цените на роаминг со ЕУ, блиску до домашните цени, до 2027 година, што ќе придонесе за намалување на трошоците за роаминг за повеќе од 90% во моментално најскапите мобилни мрежи во земјите од Западен Балкан. Постојат два паралелни текови во овој процес: имплементација на повеќе реформи во политиките од страна на владите на Западен Балкан кои се насочени кон подобрување на деловното опкружување во регионот, како и спроведување подготвителни активности со мобилните оператори од Западен Балкан и ЕУ со цел да се олесни имплементацијата на предложеното намалување, почнувајќи од 2023 година. | Министерство за информатичко општество и администрација<br>Агенција за електронски комуникации | Ова е тековна активност, и сите телекомуникациски оператори од ЕУ се добредојдени да се приклучат. Регуларно се следи дали операторите се придржуваат до заложбите. До сега, 75% од ЕУ операторите и 100% од ЗБ операторите се придржуваат до овие заложби. |
| Завршување на финалната фаза од Договорот за регионален роаминг | 2021 година | Ова е завршено. Договорот е потпишан во 2021 година. | | |
| Финализирање на Патоказот за намалување на таксите за роаминг помеѓу ЕУ и СБ и ефективна имплементација во согласност со временската рамка дефинирана во него | | Ова е завршено и применливо за сите земји од Западен Балкан. | | |

## ДИГИТАЛНИ ВЕШТИНИ И КОМПЕТЕНЦИИ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Развој на стратегии за дигитални вештини и договор за краткорочни и среднорочни регионални активности за дигитална надградба | 2022-2023 година | Северна Македонија ја објави Националната стратегија за ИКТ за 2023-2028 година во која развојот на дигиталните вештини е содржан во вториот столб.<br>Во старата програма за работа во областа на образование за 2021 година, Владата на Македонија предвидува усвојување на Националната стратегија за дигитализација на образовниот систем. Ова прашање беше нагласено за време на пандемијата, но до сега не е развиена посебна Стратегија за дигитализација на образовниот систем. Оваа тема е делумно вклучена во Националната стратегија за ИКТ, и во Националната образовна стратегија која завршува во 2025 година. | Национална агенција за радиодифузија<br>Министерство за информатичко општество и администрација | Во Програмата на Владата за 2024-2028 година развивањето на дигиталните вештини и развојот на дигитализацијата во државата е истакнат во делот на Поддршка за иновациите и ИКТ секторот. Тука се предвидува унапредување на дигитални вештини во основно и средно образование и поддршка на факултетите и студентите за надградба на знаењата и квалификациите во секторот. Поддршка се предвидува и за домашните ИКТ компании за развивање на нивната конкуретност за странски пазари. |
| Воспоставување репозитар на курсеви и други програми за обука развиени од различни организации, вклучително и MOOC со етаблирани универзитети врз основа на анализа на јазот кај земјите од Западен Балкан и потребите за дигитални вештини за целните групи | 2022 година | Во моментов, Северна Македонија нема направено анализа на јазот и на потребите од дигитални вештини за целна група.<br>Во 2019 година Владата воведе Обука за дигитални вештини за млади невработени лица. Со оваа мерка се опфатени 1.323 невработени млади лица до 34 години, кои ќе можат да се вработат преку разни обуки и преткавлификации. Целта на мерката е да се задоволат потребите од барани дигитални вештини, како и потребите од напредни ИТ вештини, преку обука. По завршувањето на учеството во предвидените мерки, невработените лица кои нема да бидат вработени, ќе имаат можност да користат други програми и мерки од Оперативниот план.<br>Во вкупниот DESI на Западен Балкан за 2022 година, Северна Македонија има резултати под просекот на Западен Балкан поради пониските оценки во човечкиот капитал, поврзаноста и интеграцијата на димензиите на дигиталната технологија. Во димензијата за човечки капитал, Северна Македонија има добри резултати во неколку мошне важни индикатори за дигитални вештини, како што се поединци со најмалку основни дигитални вештини и поголеми од основните дигитални вештини, при што оценките се во просекот на Западен Балкан или малку под просекот.[3]<br>Државата потпиша договор за асоцијација кон Програмата за дигитална Европа на 30 јуни 2023 година. | | Во Националната стратегија за вработување од 2021 -2027 овој проблем е изрично споменат. Поточно јасно е истакнато дека постои јаз помеѓу побарувачката на пазарот на трудот и понудата. Најголемиот јаз се забележува кај неодамна дипломираните лица чија стапка на вработување останува најниско евидентирана на европско ниво (55,3% во 2019)[4].<br>На регионално ниво, врз основа на методологијата подготвена и усогласена од членовите на Мулти-секторската работна група за дигитални вештини на Западен Балкан, беше спроведена анкета за недостатоците и потребите од дигитални вештини кај вработените во јавната администрација на централно и локално ниво во економиите на Западен Балкан. Анализата беше подготвена во средината на 2023 година за Албанија и Србија за двата нивоа, додека за Босна и Херцеговина и Северна Македонија само за централното ниво. Врз основа на резултатите од проценката, не се забележани поголеми разлики во потребите за обука поврзани со дигитални вештини помеѓу централното и локалното ниво, како и помеѓу економиите. Најголемиот недостаток е забележан во областа на сајбер-безбедноста, односно познавањето на протоколите за сајбер-безбедност, заштита на уреди, заштита на лични податоци и приватност, како и заштита на здравјето и благосостојбата. Помали недостатоци се забележани и во компетенциите за соработка и споделување преку дигитални технологии, како и користење на напредни функции за форматирање. Зајакнувањето на капацитетите на вработените во идентификуваните области би придонело за поефикасна администрација и полесна адаптација на новите технологии |

3 file:///C:/Users/vanam/Downloads/WB%20Desi%20Report%202022%2025%2005%202023%20final%20HR.pdf

4 https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/trud/strategija_vrabotuvanje_2021_mkd.pdf

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Развој на акциски планови за дигитално образование и промовирање еднаквост во пристапот, особено за обесправените групи и малцинствата, конкретно за Ромите | 2022 година | Северна Македонија нема акциски планови за дигитално образование.<br><br>Во извештајот на Европската комисија за Северна Македонија за 2023 година, недостатокот на дигитални вештини се споменува особено кај Ромите како начин за нивно исклучување од општеството.<br><br>Во извештајот се вели: „Иако Северна Македонија презеде чекори кон дигитална трансформација на нејзиниот систем за образование и обука а дигиталните вештини се обработуваат во основното и средното образование, било во другите предмети или во предметот информатика, властите треба да продолжат да ги зајакнуваат напорите за ефективна,. кохерентна и инклузивна дигитална трансформација на системите за образование и обука во Северна Македонија, вклучувајќи го и капацитетот на системите да развиваат дигитални вештини. Недостатокот на дигитални вештини и пристап до технологија и понатаму ги оневозможуваат Ромите целосно да ги уживаат своите права и да имаат пристап до повеќето услуги, од кои голем дел сега се дигитални (здравство, образование, вработување, социјална заштита итн.). | Министерство за образование и наука | На ниво на ЕУ е усвоен Акциски план за дигитално образование (2021-2027) кој може да служи како основа за развивање на национален акциски план за дигитално образование. |

| ДИГИТАЛНА ЕКОНОМИЈА ВО ЕРАТА НА НОВИ ИКТ ТЕХНОЛОГИИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Организирање редовни состаноци на високо ниво, вклучително и Годишен дигитален самит, за да се обезбеди дека дигиталната агенда е во првите редови на регионалната трансформација | Годишно | Овој самит ќе биде можност да се истакнат достигнувањата остварени во изминатата година во однос на Дигиталната агенда за Западен Балкан, а особено пристапот на економиите на Западен Балкан кон Програмата за Дигитална Европа за време на вториот регулаторен дијалог Европска унија-Западен Балкан во јуни 2023 година. Оваа година беше организиран во Сараево, БиХ а Северна Македонија учествуваше на тој настан. | | Учество на следниот самит и негово соодветно промовирање пред стартапите и компаниите во Северна Македонија. Тие не се доволно вклучени во Самитот. |
| Усогласување на стандардите за метаподатоци за целите на отворени податоци на регионално ниво врз основа на стандардите на ЕУ што треба да се имплементираат низ целиот регион и поттикнување на принципот на отворени податоци | 2023 година | Постои Национална стратегија за метаподатоци од 2013-2015 година и Стратегија за отворени податоци 2018-2020 година. Оттогаш Владата нема донесено друга стратегија на оваа тема. | МЕС | Ова треба да се реши и на регионално ниво, како што е спомената во Акцискиот план. |
| Постигнување договор за регионална интероперабилност на патарините во земјите од Западен Балкан | 2022-2024 година | Ваков договор е потпишан само меѓу Северна Македонија и Србија во рамките на иницијативата за Отворен Балкан. Сепак, таков договор не склучен во рамките на иницијативата на Берлинскиот процес. Договорот меѓу Северна Македонија и Србија допрва треба да се прошири на Албанија. | Министерство за транспорти врски. | За овој Договор треба да има консензус на регионално ниво. |
| Договор за принципите и стандардите што се користат за паметни градови, врз основа на стандардите на ЕУ, со цел да се обезбеди интероперабилност на податоците и услугите | 2023 година | На веб-страниците на институциите нема најава за принципите на паметни градови. Сепак, земјите од Западен Балкан учествуваат во Стратегијата за одржлива и паметна мобилност на Постојаниот секретаријат на транспортната заедница (TCPS) за Западен Балкан. Оваа стратегија ја отсликува Стратегијата за одржлива и паметна мобилност на Европската унија и гиприспособува целите, клучните активности и активностите на ЕУ кон реалноста во регионот на Западен Балкан, покрај тоа што му обезбедува и патоказ за декарбонизација и дигитализација на регионот како и развој на неговиот транспортен сектор. Регионалните страни во моментов немаат заедничка стратегија за справување со декарбонизацијата на транспортот. Националните стратегии само спорадично се справуваат со ова прашање. Затоа, оваа Стратегија ќе му послужи на регионот во поставувањето на заеднички цели и хармонизиран пристап во правењето на транспортот позелен, одржлив и поздрав за граѓаните на Западен Балкан и ќе им помогне преку подобрување на нивните национални стратегии.[5] | | Минатата година е усвоена стратегија за интелегентни транспортни системи (ИТС) која произлегува како обврска од Националната стратегија за транспорт (2018-2030). Согласно усвоената од страна на владата на РСМ Национална стратегија за Интелигентни Транспортни Системи за периодот 2023 – 2032 година, се очекува да се започне со имплементација на ИТС вдолж Коридорите, граничните премини, како и следствено на поголем дел од територијата на Република Северна Македонија. Воведување на најнови информатичко-комуникациски технологии во сообраќајот со интегрирање на телекомуникациски и информатички апликации, ќе придонесат за побезбеден, поефикасен и одржлив транспорт, како и сеопфатна подобрена мобилност, контролирани системи за управување со сообраќајот, примена на континуирани дигитални информации со променлива содржина, системи со камери за анализа и следење, системи за категоризација на возила, метеоролошки станици за следење на временските услови, намалување на штетните емисии, намалување на метежот и креирање на ИТС регионални контролни центри[6] |

5 https://www.transport-community.org/wp-content/uploads/2021/06/Strategy-for-Sustainable-and-Smart-Mobility-in-the-Western-Balkans.pdf

6 https://isrsm.gov.mk/mk/formimi-i-nje-isrsm-te-ri-tk-48-sisteme-inteligjente-transporti_p10192.html

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Преземање регионални активности за промовирање на вештачката интелигенција (ВИ) во одредени аспекти и врз основа на практиките на ЕУ | 2024 година | Ова е предвидено да биде регионална активност. На национално ниво, Владата на Северна Македонија нема донесено никаква регулатива поврзана со вештачката интелигенција. Постои Работна група за вештачка интелигенција, но во текот на 2021 година таа одржа само еден состанок на кој ја објави Националната стратегија за вештачка интелигенција.[7] | ФИТР | Во Програмата на Владата за следните четири години се споменува дека ќе се поддржи развојот на вештачката интелигенција.<br><br>Национална стратегија за вештачка интелигенција, проследена со Акциски план.<br><br>Вештачката интелигенција станува сè порелевантно прашање во високото образование и треба соодветно да биде опфатена и во политиките кои се однесуваат на образовниот систем. |
| Преземање регионални активности за да се олесни учеството на земјите од Западен Балкан во HPC на ЕУ | 2023-2024 година | Северна Македонија е дел од HPC на ЕУ, а GEANT која е приватна членка на HPC на ЕУ е добро застапена.[8] Во HPC на EU, Северна Македонија е претставена од Факултетот за компјутерски науки и инженерство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Нема дополнителни информации за нивото на учество на Северна Македонија во HPC на ЕУ. EuroHPC JU им овозможува на учесниците од ЕУ и оние од EuroHPC да ги координираат своите напори и да ги обединат своите ресурси со цел во Европа да се распоредат суперкомпјутери од светска класа на егзаскали кои се способни да вршат повеќе од еден трилион (1018) операции во секунда и да развијат иновативни суперкомпјутерски технологии и апликации.[9] | FCSE | Потребно е да се истражат можностите со учеството на Северна Македонија во GEANT и во HPC на ЕУ. Овие две асоцијации нудат големи финансиски средства за развој. |
| Преземање регионални активности за подобрување на достапноста, анализата и следењето на висококвалитетни статистички податоци за дигитална економија, базирајќи се на DESI на ЕУ и на ИКТ Индексот за развој на ITU | 2022 година | Имајќи ги предвид димензиите на DESI 2022 за Западен балкан, Северна Македонија има добри перформанси во димензијата на дигитални јавни услуги и остварува резултат кој е над просекот на Светската банка. Потребни се подобрувања главно во димензијата на интеграција на дигиталната технологија.<br><br>Дигиталната трансформација е дел од Програмата за економски реформи за периодот 2021 – 2023 година. | МИОА; АЕК | Зголемување на Индексот за развој на ИКТ и намалување на јазот помеѓу Северна Македонија и земјите од ЕУ. |
| Регионална соработка во однос на размена на добри практики во областа на дигиталната трансформација, особено е-влада | Годишно | Според Инвестициската рамка за Западен Балкан, владите од Западен Балкан соработуваат во однос на разни алатки за дигитализација. Сепак, засега не може да се најдат информации за тоа каков е развојот на Северна Македонија. Постои систем на е-влада кој вклучува повеќе услуги кои граѓаните можат да ги користат дигитално. | | Смарт Македонија е начинот на кој што ќе се дигитализираат јавните сектори во Македонија. Оваа мерка предвидува изградба на неопходната ифраструктура која ќе биде носител на дигиталната трансофрмација, разработка на платофи за вештачка интелигенција, дигитална инклузија и сајбер безбедност. |

7 https://faktor.mk/fitr-ja-kreira-prvata-nacionalna-strategija-za-veshtachka-inteligencija-vo-zemjata

8 https://digital-strategy.ec.europa.eu/en/policies/high-performance-computing-joint-undertaking#:~:text=Member%20States%20and%20Associated%20Countries,%2C%20Montenegro%2C% 20%20 Холандија%2C%20Север

9 ИСТРАЖУВАЧКА ИНФРАСТРУКТУРА ПАТЕН КАРТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| ДОВЕРБА И БЕЗБЕДНОСТ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Договор во врска со минимални технички стандарди и спецификации за да се овозможи размена на податоци и документи и да се спроведат пилот активности | 2021 пилотирања 2022-2023 | Нема информации. | | Состанок со Советот за регионална соработка во врска со нивото на имплементација. |
| Усогласување на регионалните активности за да се обезбеди заштита на личните податоци и приватноста во земјите од Западен Балкан, врз основа на стандардите на ЕУ | 2023 година | Новиот Закон за заштита на личните податоци се усогласува со европската регулатива во областа на заштитата на личните податоци. Согласно член 100 од Законот за заштита на личните податоци, кој се однесува на застапување на субјектите на лични податоци, се наведува дека субјектот на лични податоци има право да овласти здружение, тоа да поднесе барање во негово име, во однос на заштитата на неговите лични податоци и да ги остварува правата пропишани со овој закон. Постои дигитална платформа на која граѓаните можат да се информираат и да поднесат пријава за прекршување на нивните лични податоци.[10] | Агенција за заштита на лични податоци | Регионални активности за усогласување на законите и на степенот на заштита на личните податоци |
| Развивање на програми за менторство за CSIRT на Западен Балкан и други институции како подолготрајна соработка со напредни CSIRT и други партнери | 2023 година | Со цел да се одговори на зголемениот број предизвици во сајбер-доменот, да се подобрат способностите за одвраќање и да се развијат потребните капацитети за одговор на сајбер-напади, регионот на Западен Балкан е во процес на ревизија на своите системи за сајбер безбедност во согласност со Дигиталната агенда за Западен Балкан и целите според MAP REA. | https://www.rcc.int/working_groups/58/cyber-security-and-csirts | |

10 https://azlp.mk/

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Зајакнување на капацитетите за сајбер безбедност во регионот на Западен Балкан преку соработка со ENISA | 2021-2024 година | Во Солун, Грција, заврши тридневната работилница во рамките на TAIEX инструментот на ЕУ „Улогата на сајбер екосистемот на ЕУ во глобалната стабилност на сајбер безбедноста“. Ова беше единствена заедничка иницијатива меѓу Европската комисија, Европскиот колеџ за безбедност и одбрана (ESDC), Агенцијата на Европската унија за сајбер безбедност (ENISA), грчкото Министерство за надворешни работи, грчкото Министерство за дигитално управување и властите од Западен Балкан на Албанија, Босна и Херцеговина, Косово1*, Црна Гора, Северна Македонија и Србија. Тој обедини околу 36 носители на одлуки од областите на сајбер дипломатија, сајбер криминал, сајбер одбрана, дигитална трансформација и национални CERT (Тимови за одговор на итни случаи) од шесте партнери од Западен Балкан, обезбедувајќи заедничка платформа за размена на искуства и најдобри практики од областа со повеќе од 20 експерти од ЕУ и од земјите-членки на ЕУ. | МИОА | |
| Подобрување на отпорноста на сајбер-просторот во регионот на Западен Балкан преку зголемено учество на деловната заедница во зајакнувањето на капацитетите за сајбер-безбедност во земјите од Западен Балкан | 2022-2023 година | Нема закон за информации/сајбер безбедност туку само „крпеница“ од законодавство кое содржи елементи кои се однесуваат на оваа областа:<br>• Национална стратегија за сајбер безбедност 2018-2022 (2018)<br>• Национален акциски план за сајбер безбедност 2018-2022 (2018)<br>Стратегијата предвидува натамошен развој на законодавната рамка во областа на сајбер криминалот и сајбер-одбраната. Дефинирањето на процедури за соработка и размена на информации меѓу сите засегнати страни е исто така признато како суштинско прашање. Што се однесува до сајбер безбедноста, не постои посебен закон за сајбер безбедност туку само „крпеница“ од законодавство кое содржи елементи кои се однесуваат на оваа област.<br>• Обезбедена е и листа на засегнати страни, која ги мапира јавниот и приватниот сектор, академската заедница и граѓаните и невладините организации како вкупно четири актери. Односите меѓу нив не се подетално елаборирани. | Министерство за информатичко општество и администрација | Формирана е работна група која ќе ја изработува новата Стратегија за сајбер безбедност во Северна Македонија. |

| **ЗЕЛЕНА АГЕНДА – ДЕКАРБОНИЗАЦИЈА – РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност | Рок | Напредок (политики, активности) | **Релевантни институции** | **Набљудување во период од јануари - јуни 2024** |
| Усогласување со Законот за климата на ЕУ со визија за постигнување климатска неутралност до 2050 година | 2025 | Законот за климатска акција е во завршна фаза на подготовка, но сѐ уште не е донесен. | • Влада на Република Северна Македонија<br>• Министерство за животна средина и просторно планирање | Да се стави во владина процедура Законот за климатска акција до крајот на 2023 год. |
| Утврдување на далекусежни енергетски и климатски цели до 2030 година.. | 2022 | Северна Македонија се обврза да ги намали емисиите на стакленички гасови за 51% до 2030 година (во споредба со референтната 1990 година), изразено во нето емисии – 82% намалување, како дел од нејзината цел за ублажување преку нејзиниот национално определен придонес кон Договорот од Париз. Фокусот на македонскиот определен придонес кон Договорот од Париз е на политиките и мерките за ублажување кои водат кон намалување на емисиите на стакленички гасови, а особено кон емисиите на $CO_2$ од согорување на фосилните горива што покрива речиси 80% од вкупните емисии на стакленички гасови во земјата.[11] | • Министерство за економија<br>• Министерство за животна средина и просторно планирање | • Изработка, усвојување и воспоставување на рамка за следење степенот на спроведеност на стратешки и плански документи за обезбедување ниско-јаглероден раст и развој<br>• Планирани активности, после 2024<br>• Со поддршка на ИПА 3 планирано е воспоставување на систем за политики и мерки. Согласно нацрт законот за климатска акција, Министерството, на секои две години, до 15 март, до Секретаријатот на Енергетската заедница доставува извештај за националните политики и мерки или група на мерки за намалување на емисиите на стакленички гасови. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Подготовка и спроведување на интегрирани енергетски и климатски планови. | 2022 | Владата ја усвои Програмата на економски реформи 2024-2026. Оваа Програма ќе биде основа за подготовка на Реформската агенда согласно новиот План за раст на Западен Балкан. Дигитална, Енергетска / Зелена транзиција е дел од приоритетните области наведени во Реформската агенда.<br>Програмата содржи 17 реформски мерки, меѓу кои енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија, справување со цврст отпад и отпадни води со цел зајакнување на отпорноста кон климатските промени и намалување на загадувањето на животната средина. [12]<br>Владата го усвои Националниот план за енергија и клима. Дополнително владата ги има усвоено следните документи:<br>а. Зајакнат национално определен придонес кон Договорот од Париз- април 2021 година<br>б. Трет двогодишен извештај за климатски промени - април 2021 година<br>в. Долгорочна стратегија за климатска акција и акционен план-август 2021 година<br>г. Четврт национален план за климатски промени , февруари 2023 е усвоен<br>Со усвојувањето на овие документи, земјата постави среднорочни и долгорочни цели за намалување на емисии на стакленички гасови и прилагодување на најранливите сектори кон истите.<br>**Владата усвои Интегриран план за енергија и клима во мај 2022 година како индикативен плански документ финансиран од  Германска влада преку ГИЗ**.<br>Циркуларен економски план за ублажување на емисиите на македонските стакленички гасови во секторот отпад. [13]<br>Владата на РСМ е посветена на обезбедување пониско јаглероден и одржлив раст и развој. Во оваа насока усвоени се: долгорочна стратегија за климатска акција и акционен план-август 2021 година; четврт национален план за климатски промени, февруари 2023; интегриран план за енергија и клима, мај 2022 година како индикативен плански документ.[14] | • Министерство за економија<br>• Министерство за животна средина и просторно планирање | • Ревизија на интегрираниот план за енергија и клима – планирано за 2024 г (откако ке се усвои Законот за климатска Акција)<br>• Ќе се изработи Национален план за адаптација кон климатските промени.[15] |

12 https://vlada.mk/node/35764

13 RCC document

14 RCC document

15 RCC document

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Подготовка и спроведување на стратегии за прилагодување на климатските промени. | 2028 во тек | Решавањето на климатските промени бара два вида одговор. Прво е намалувањето а нашите емисии на стакленички гасови и второ мора да се приспособи за да се справиме со наизбежните влијанија. Државата сè уште нема Национален план за адаптација (НАП).<br>Сепак, владата ја усвои долгорочната стратегија за климатска акција и акционен план – август 2021 година.<br>Долгорочната стратегија за климатска акција поставува основа за непосредна и итна работа потребна за решавање на клучните технички бариери кои се идентификувани во рамките на Националните комуникации. Во овој стратешки документ дефинирани се следните цели и активности во врска со адаптацијата кон влијанијата на климатските промени:<br>• Изградба на силни системи за редовно и периодично собирање податоци за генерирање и ширење на научни и технички знаења - зголемена отпорност на влијанијата од климатските промени на клучните социоекономски сектори и екосистеми. Исто така, дефинирана е и дополнителна меѓу секторска цел за промовирање на зелената транзиција преку градење на капацитети, образование, обуки за нови вештини и подигање на јавната свест.<br><br>Вградување на адаптацијата на најранливите сектори кон климатските промени во законска рамка (во тек, финансиран од ЕУ – ИПА) - Нацрт законот за климатски промени дава правна основа за вградување на аспектите за адаптација во најранливите сектори | • Министерство за животна средина и просторно планирање<br>• Кабинет на заменик премиер задолжен за економски прашања | • Изработка на Национален план за адаптација кон климатските промени - Изработена е проектна апликација до Зелениот климатски фонд, се очекува одобрување на истата и започнување со реализација<br>• Изработка и известување на акции за адаптација (после 2024)<br>• Изработка и усвојување на поблиската содржина за информациите за националните акции за адаптација предмет на известување<br>• Согласно нацрт законот за климатска акција, МЖСПП на секои две години, до 15 март, подготвува и поднесува извештај до Секретаријатот на Енергетската заедница, во кој се содржани информации за националните акции за адаптација кон климатските промени, спроведените и планираните активности за олеснување на адаптацијата кон климатските промени, како и други информации согласно барањата за известување договорени со Конвенцијата и Парискиот Договор<br>• Изработка на секторски планови за адаптација на најранливите сектори кон климатските промени (после 2024)<br>• Како што е дефинирано во нацрт законот за климатска акција , стратешките цели и планови во секторските политики за адаптација кон климатските промени во областа на водите, шумарството, земјоделството, биолошката разновидност, заштитата на природата, здравјето на луѓето, туризмот, културното наследство и просторното планирање треба да се прилагодуваат и се во согласност и ги следат националните стратешки цели за климатска акција и очекуваните климатски влијанија базирани на проекциите и сценарија за промена на климата.<br>• Органите на државната управа општините и Градот Скопје се должни своите цели, планови и акции да ги прилагодуваат со националните акции за адаптација |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Усогласување со системот на ЕУ за тргување со емисии на стакленички гасови и/или воведување на други инструменти за одредување на цените на јаглеродот . | 2024<br>во тек | Системот за тргување со емисии допрва треба да биде воведен во економиите на Западен Балкан. Секретеријатот на Енергетската заедница формраше техничка работна група посветена на цените на јаглеродот. Оваа група се состана три пати во 2023 годин, со цел да се разговара за улогата, функцијата и дизајнот на системот за тргување со емисии, како и да се испитаат планираните и постоечките национални политики поврзани со цените на јаглеродот на договорните страни и нивната поврзаност со механизмот за прилагодување на границите на јаглеродот (Carbon Border Adjustment Mechanism). Сепак, инструменти за одредување на цените на јаглеродот сè уште не се воведени во државата.<br><br>Нацрт закон за климатска акција е изработен и е во процес на усвојување.<br><br>Во него е дадена првната основа за изработка на приоритетни подзаконски акти во делот на мониторинг/известувње и верификација на емисиите на стакленичките гасови од стационарните инсталации учеснички во идниот систем за тргување со емисии на стакленички гасови<br><br>Патоказ за данок на јаглерод и релевантна техничка анализа.[16] | • МЖСПП | 1. Изработка и усвојување на приоритетните подзаконски акти во делот на мониторинг/известувње и верификација на емисиите на стакленичките гасови од стационарните инсталации учеснички во идниот систем за тргување со емисии на стакленички гасови<br>2. Изработка и усвојување на подзаконски акт за методологијата за пресметка, начинот на пресметка и висината на јаглеродниот надоместок |
| Зголемување на можностите за воспоставување на природни решенија за ублажување и прилагодување на климатските промени. | 2025 | Примената на пристапи кои пошироко ги интегрираат екосистемите и природата во адаптацијата на климатските промени и мерките за намалување на ризиокот од катастрофи сè уште е недоволна и фрагментирана во сите економии на Западен Балкан. Меѓународната унија за зачувување на природата (IUCN) спроведува проект наречен ADAPT во сите регионални земји, кој ги мапира главните климатски ризици и опасности и нивните причини, обезбедува анализа на засегнатите страни на релевантните постоечки проекти користејќи решенија засновани на природата и дава препораки за примена на тие решенија на ниво на економии. | • МЖСПП<br>• Влада на Република Северна Македонија | • Да се формулираат и да се спроведат политики во стратегиите за животна средина кои засновани на решенија за заштита на природата.<br>• Да се ажурира и спроведе Националниот план за енергија и клима |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Обезбедување учество на економиите на ЗБ во Европскиот климатски пакт или разгледување на можноста за воспоставување на сличен механизам. | 2022 | Северна Македонија сè уште не е формална земја-членка на Европската Унија, а со тоа држава не е формална членка на Европскиот климатски пакт. Сепак, од суштинско значење е да се забележи дека во 2023 година, Север Македонија се вклучи во програмата LIFE и ќе има пристап до поддршката на LIFE за мобилизирање на јавни и приватни ресурси за климатска акција, заштита на биолошката разновидност, кружната економија и транзиција на чиста енергија.<br>РСМ постави правна основа за механизмот за јаглеродно прилагодување и воведување на јаглероден надоместок во нацрт текстот на Законот за климатска акција, но е потребен регионален пристап.<br>Изработка на регионален план за вклучување на земјите од ЗП во механизмот за јаглеродно прилагодување. | • МЖСПП<br>• Regional Cooperation Council - RCC | Апликантите од Северна Македонија можат да поднесат предлози во рамките на повиците за предлози LIFE објавени во 2023 година. |
| Преглед и ревизија, според потребата, на целото релевантно законодавство за поддршка на постепена декарбонизација на енергетскиот сектор. | 2022 - 2030 во тек | РСМ постави правна основа за механизмот за јаглеродно прилагодување и воведување на јаглероден надоместок во нацрт текстот на Законот за климатска акција, но е потребен регионален пристап.[17] | • Министерство за економија<br>• МЖСПП | • Изработка и усвојување на подзаконски акти согласно Законот за климатска акција<br>• Ќе се изготвни подзаконски акт за методологијата за пресметување, начинот на пресметка и висината на надоместокот за јаглерод<br>• Неопходно е да се вклучат резултатите при приоритизирањето на политиките во Националната стратегија за развој на државата |
| Изработка на проценка за социо-економското влијание на декарбонизацијата на ниво на поединечни економии и на регионално ниво. | 2022 | МЖСПП, со поддршка на меѓународни експерти со поддршка на Иницијативата за климатски ветување ги изработи потребните поддржувачки документи за проценка на социо-економското влијание на декарбонизацијата.<br>1. Стратегија за финансирање на македонските засилени национално определени придонеси за климатските промени<br>2. Де-ризикување на македонски инвестиции за финансирање и политики за обновливи извори на енергија<br>3. Финансиско и политичко де-ризикување на засилениот NDC<br>4. Патоказ за данок на јаглерод и релевантна техничка анализа<br>5. Циркуларен економски план за ублажување на емисиите на македонските стакленички гасови во секторот отпад<br>6. Социо-економска проценка, вклучително и проценка на влијанието на COVID-19<br>7. Подготвен и усвоен патоказ за Праведна транзиција<br>8. Воспоставување Структура/Совет за водење на процесот на Праведна транзиција во РСМ (во тек) | • Министерство за економија<br>• МЖСПП | • Потребно е вградување на резултатите при приоретизација на политиките во Националната развојна стратегија на државата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Давање приоритет на енергетската ефикасност и подобрување на истата во сите сектори. | во тек | Според третиот двогодишен извештај за климатските промени на РСМ, ефикасноста на енергетскиот систем во РСМ (односно процентот на конверзија од вкупната потребна енергија во финална енергија) во 2020 година била околу 71%.  Оваа вредност е речиси иста и кај државите членки на Организацијата за економска соработка и развој (OECD) во Европа, каде што таа изнесува околу 70%.[18]<br><br>Енергетската ефикасност е во основата на климатските и енергетските политики и е од фундаментално значење за конкурентската економија и безбедниот и отпорен енергетски систем. Придавањето приоритет на енергетската ефикасност е единствениот начин да се избегне трошење на скапата произведена и испорачана енергија до крајниот потрошувач. Инвестициите во енергетска ефикасност обезбедуваат важни заштеди на трошоците за деловните субјекти и домаќинствата. Намалувањето на емисиите на стакленички гасови во транспортниот сектор треба да се постигне најмногу преку зголемување на енергетската ефикасност и преку обновување на возниот парк. Во овој контекст, воведувањето на хибридни и електрични возила ќе игра важна улога, но, на краток рок, не е толку важно како намалувањето на потрошувачката на гориво кај традиционалните возила со согорување, кое, до 2030 година, ќе остане како типично возило во РС Македонија.[19] | Министерство за економија | |
| Транспонирање и целосно спроведување на Директивата за енергетските карактеристики на зградите. | 2023 | Директивата за енергетските перформанси на зградите (ДЕПЗ) е делумно транспонирана во постоечкиот Правилник за енергетски карактеристики на згради и Правилникот за енергетски контроли.<br><br>Министерството за економија планира да побара техничка помош од Европската банка за обнова и развој за подготовка на подзаконските акти кои произлегуваат од Директивата за градежништво и новиот Закон за енергетска ефикасност (Q2 2021). Се гледа намерата да се зајакне законодавната рамка за усогласување со европските стандарди и подобрување на енергетските перформанси во градежниот сектор. | Министерство за економија | Целосно спроведување и транспонирање на ДЕПЗ е потребно. |

18 https://api.klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/e779dd71f60551711b267dd83f155eb646edfe64c4d9ce681042ddff208aea1b.pdf - третиот двогодишен извештај

19 https://api.klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/2ba0633b4385d2538862b16572bff16d13ad0895665ee2729d24e177022ace27.pdf - Долгорочна стратегија за климатска акција со Акциски план

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Поддршка на програмите за обнова на приватни и јавни згради и обезбедување на соодветно финансирање. | во тек | Во ЗБ само Северна Македонија има донесено закон за станбени згради, овој, како и другите закони релевантни за станбените згради дозволуваат здруженијата на сопственици да бидат легално регистрирани и исто така да вршат управување со зградите за повеќестанбените згради.<br><br>Земјата го усвои и новиот Закон за енергетска ефикасност во 2020 година, како последица на тоа е можна имплементација на проекти на ESCO (Energy Services Companies)<br><br>Како една од можните мерки за ублажување на климатските промени, предвидена во третиот двогодишен извештај за климатски промени на РСМ, е реновирањето на постојните резиденцијални, општински, комерцијални и згради во надлежност на централната власт. Реновирањето вклучува и замена на прозорци иницирано од сопствениците и/или поддржано од комерцијалните банки и фондови што постојат во РСМ. Оваа мерка предвидува издавање сертификати за енергетски карактеристики на зградите како предуслов за нивно пуштање во употреба.[20] | • Министерство за економија и ЕЛС | • Предвидена е изградба на нови и пасивни згради. Изградбата на новите згради е во согласност со Директивата за енергетски карактеристики на зградите, а изградбата на новите пасивни згради е во согласност со Директивата на ЕУ 2010/31/ЕУ. Со оваа мерка се предвидува издавање на сертификати за енергетските карактеристики на зградите како предуслов за нивно ставање во функција. |
| Зголемување на учеството на обновливите извори на енергија и обезбедување на потребните услови за инвестирање. | Во тек | Како дел од Powering Past Coal Alliance, Северна Македонија се обврза на постепено укинување на јаглен до 2027 година на обновливите извори на енергија во нејзината бруто потрошувачка на енергија до 38% до 2030 година.<br><br>Земјата е на добар пат да ги постигне овие цели. Соларниот парк Осломеј, изграден на поранешна локација за експлоатација на лигнит со отворен коп, веќе е делумно функционален и кога целосно ќе биде завршен ќе има инсталирана моќност од 120 MW. Исто така, постојат низа аукции за инвестиции во соларна енергија за да се обезбедат повеќе соларни ФВ проекти во нафтоводот.[21]<br><br>Земјата не ја исполни целта поставена во 2020 година за искористување на обновливите извори на енергија во бруто финалната потрошувачка на енергија. | • Министерство за економија, ЕЛС и Министерство за финансии | Ќе се интензивира употребата на ОИЕ (обновливи извори на енергија), главно со зголемување на производството на хидроцентрали од 1,1 TWh во 2017 година на 4,2 TWh во 2050 година. Планирано е производството на електрична енергија главно да се базира на ОИЕ. За да се прифати зголеменото користење на ОИЕ, потребни се капитални инвестиции во инфраструктурата на енергетскиот систем. Инвестициите во голема мера треба да бидат поддржани и поттикнати од централната и локалната власт, кои преку спроведување на мерките наменети за нив треба да дадат пример во спроведувањето на мерките за енергетска ефикасност и ОИЕ.[22] |

20 https://api.klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/e779dd71f60551711b267dd83f155eb646edfe64c4d9ce6810 42ddff208aea1b.pdf - третиот двогодишен извештај

21 https://www.nature.org/en-us/about-us/where-we-work/europe/stories-in-europe/siting-renewable-energy-north-macedonia/

22 https://api.klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/2ba0633b4385d2538862b16572bff16d13ad0895665ee2729 d24e177022ace27.pdf

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Намалување и постепено укинување на субвенциите за јаглен, со строго почитување на правилата за државна помош. | во тек | Северна Македонија беше првата од страните на WB6 што објави постепено затворање на своите термоелектрани (ТЕ) во нејзиниот нацрт Национален план за енергија и клима (НЕЦП), почнувајќи со ТЕ Осломеј во 2021 година и ТЕ Битола во 2027 година.[23]<br><br>Северна Македонија не е усогласена со границата за емисија на SO2 (сулфур диоксид) за 2020 година според Националните планови за намалување на емисиите. Ова се должи на високата содржина на сулфур во лигнитот и недостатокот на напредок во инсталирањето на технологијата за намалување на емисиите (десулфуризација на димните гасови).<br><br>Сепак, нивото на субвенции за ископ на јаглен и производство на електрична енергија на јаглен се чини дека опаѓа. | • Министерство за економија | Интернализирањето на цената на CO2 во цената што ја плаќа крајниот потрошувач ќе обезбеди поттик за учесниците на пазарот да се префрлат на горива што испуштаат помалку CO2. Дополнително, интернализирањето на цените на јаглеродот во понудите на термоелектраните ќе овозможи наплата на трошоците за инвестициите од ветер и сончева енергија, намалувајќи ја потребата од субвенции и финансиска поддршка. [24] |
| Обезбедување на учество на Западен Балкан во Иницијативата за регионите со јаглен кои се во транзиција. | во тек | Северна Македонија учествува во иницијативата Coal Regions in Transition која има за цел да им помогне на земјите и регионите да се оддалечат од јагленот кон јаглеродно неутрална економија, истовремено обезбедувајќи дека оваа транзиција е праведна. | RCC | Како што покажа енергетската криза, Северна Македонија треба да ја забрза својата транзиција кон зелена енергија и да ја намали зависноста од гас и јаглен |
| Подготовка на програми за справување со енергетската сиромаштија и шеми за финансирање на обнова на домаќинствата и обезбедување на основни животни стандарди. | 2024<br>во тек | Намалувањето на потрошувачката на биомаса се должи на замена на неефикасните печки на биомаса со високо ефикасни печки на биомаса (на пример, печки на палети), како и нивна замена со топлински пумпи, како резултат на проблемот со загадување на воздухот во градовите и сегашната политика на Владата за субвенционирање на топлински пумпи и поефикасни печки на биомаса.<br><br>Во исто време се забележува зголемување на топлината (централно греење) како резултат на владината политика за намалување на данокот на додадена вредност од 18% на 5%. [25] | • Министерство за економија<br>• Министерство за труд и социјална политика | Треба да се вложат повеќе напори во идентификувањето и справувањето со енергетската сиромаштија. |

23 WB6 Energy Transition Tracker. Energy community secretariat. July 2020

24 WB6 Energy Transition Tracker. Energy community secretariat. July 2020

25 https://api.klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/2ba0633b4385d2538862b16572bff16d13ad0895665ee2729d24e177022ace27.pdf - Долгорочна стратегија за климатска акција со Акциски план

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Поддршка на развојот на паметната транспортна инфраструктура, промовирање на поттикнувањето на иновативни технологии (како превоз без употреба на хартија, вештачка интелигенција, мултимодално издавање билети за патници, мобилност како услуга, апликации за гранични премини, 5G коридори итн) | во тек | Трендот на електрификација и набавка на хибридни возила продолжува со лесните товарни возила. Воведувањето на понапредни технологии, води кон постепено намалување на учеството на дизел горивото во транспортот, што овозможува тренд на опаѓање на емисиите. [26]<br><br>Во август 2019 година е усвоен законот за возила. Инсталирани се полначи на одредени локации во градот Скопје и воведено е ослободување од плаќање на акциза за електрични возила. [27] | • Министерство за транспорт и врски<br>• Влада на Република Северна Македонија<br>• Министерство за економија | • Прераспределба на средства од буџетот за реализација на Програмата за субвенционирање на нови возила. [28] |
| Спроведување на Регионалниот акциски план за реформа во железницата. | 2023 | Според годишниот мониторинг извештај на Железничкиот акционен план[29] за Северна Македонија, се забележува дека:<br>• Помеѓу управителот на инфраструктурата и релевантниот државен орган постои директен договор за јавна набавка.<br>• Подготвен е предлог-закон за нов железнички систем.<br>• Подготвен е нацрт-закон за безбедност на железницата како и Закон за интероперабилност на железницата.<br>• Во постојниот Закон за железница, возачките дозволи за машиновозачите се признати (земји-членки на ЕУ и други земји), додека безбедносните сертификати и дозволите за возила се признати за земјите-членки на ЕУ.<br>• Постои независно регулаторно тело, како и национални органи за безбедност<br>• Подготвен е нацрт на мрежната изјава за терминалот | • Министерство за транспорт и врски | Решенија за претстојните проблеми:<br>o Отстранување на прекршувањата со одредбите од договорот за транспортна заедница.<br>o Повеќегодишен договор помеѓу ИМ и релевантниот орган.<br>o Усвојување на сите тековни закони за железници<br>o Формирање на Национално истражно тело |

26 https://api.klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/2ba0633b4385d2538862b16572bff16d13ad0895665ee2729d24e177022ace27.pdf - Долгорочна стратегија за климатска акција со Акциски план

27 https://api.klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/e779dd71f60551711b267dd83f155eb646edfe64c4d9ce681042ddff208aea1b.pdf - третиот двогодишен извештај

28 https://api.klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/e779dd71f60551711b267dd83f155eb646edfe64c4d9ce681042ddff208aea1b.pdf - третиот двогодишен извештај

29 https://www.transport-community.org/wp-content/uploads/2021/10/Annual-Monitoring-Report-of-the-Rail-Action-Plan-09-2021.pdf

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Дефинирање на коридори за железнички товарен превоз и превоз по внатрешни водни патишта. | 2027 | Земјата не учествува во стратегијата на ЕУ за развој на Дунавскиот регион, но продолжува активно да придонесува во Меѓународната комисија на сливот на реката Сава.<br><br>Во програмата на Владата на РСМ и во Националната транспортна стратегија е предвидено изградба на железничка пруга кон Република Бугарија. Првата фаза (Куманово-Бељаковце) е во фаза на изградба 67% е изграденоста на крајот на 2019 година.[30] | • Министерство за транспорт и врски<br>• Министерство за економија, Агенција за енергетика | • Потребни се повеќе напори за усогласување на законодавството со заедничките правила што се применуваат за патниците преку внатрешните водни патишта.<br>• Завршување на првата фаза (Куманово-Бељаковце) и објавување тендер за изградба на третата фаза.[31] |
| Дефинирање на сеопфатна стратегија за преминување од патен сообраќај на еколошки поприфатливи видови на сообраќај. | 2021 | Во однос на намалувањето на емисиите, напредната мобилност и поголема употреба на железницата се мерки со пониски специфични трошоци. Со подигнување на свеста кај луѓето за користење на железницата за подолги патувања.<br><br>Собранието носи тригодишна Национална програма, а јавното претпријатие Македонски железници – инфраструктура подготвува Годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура, којашто се усвојува од Владата.<br><br>Во оваа насока ги имаме Национална транспортна стратегија и Стратегијата за развој на енергетиката во Северна Македонија до 2040 година.<br><br>Владата преку проект со Европска банка за обнова и развој (ЕБОР) го обнови возниот парк со 150 товарни вагони и шест композиции составени од локомотива и вагони. Дополнително беа спроведени кампањи за поевтино/бесплато возење на одредени категории на патници (млади лица, пензионери, итн.)<br><br>Во август 2019 година е усвоен законот за возила.<br><br>Треба да се напомене дека се направени одредени чекори кон намалување на локалното загадување со изградба на велосипедски патеки, воведување на зонско паркирање, кампањи и субвенции за нови велосипеди/електрични тротинети и воведување на системи за изнајмување на велосипеди.[32] | • Министерство за транспорт и врски<br>• Влада на РСМ<br>• Министерство за економија, Агенција за енергетика<br>• АД Македонски железници<br>• Министерство за економија<br>• Единици на локална самоуправа | • Спроведување на промотивни кампањи за подигање на свеста кај луѓето.<br>• Продолжување на кампањите за поевтино/бесплатно возење<br>• Овозможување на дополниелни услови за компаниите<br>• Последователно спроведување на ЕВРО стандардите (ЕВРО 6 е новиот стандард на ЕУ, а во Македонија е ЕВРО 4) за увоз на нови енергетски ефикасни возила.<br>• Продолжување со изградба на нови патеки за велосипеди. |

30 https://api.klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/e779dd71f60551711b267dd83f155eb646edfe64c4d9ce681042ddff208aea1b.pdf - третиот двогодишен извештај

31 https://api.klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/e779dd71f60551711b267dd83f155eb646edfe64c4d9ce681042ddff208aea1b.pdf - третиот двогодишен извештај

32 https://api.klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/e779dd71f60551711b267dd83f155eb646edfe64c4d9ce681042ddff208aea1b.pdf - третиот двогодишен извештај

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Утврдување на техничките стандарди на ЕУ и обезбедување на нивното спроведување и дигитализација на сите видови на сообраќај. | 2030 | Се предвидува донесување на регулатива со која што ќе се забрани купување на возила со стандрад понизок од EURO 6. Се претпоставува дека ќе се продаваат само нови напредни возила кои ги исполнуваат стандардите на ЕУ за издувни гасови. [33] | • Министерство за транспорт и врски<br>• Влада на РСМ<br>• Миистерство за внатрешни работи<br>• Министерство за економија, Агенција за енергетика<br>• Приватни компании | Последователно спроведување на ЕВРО стандардите (новиот стандард на ЕУ е ЕВРО 6, додека во Македонија е ЕВРО 4) за увоз на нови енергетски ефикасни возила[34] |
| Спроведување на Регионалниот акциски план за олеснување на превозот. | 2023 | • Нема напредок во формирањето на национално тело за истрага на несреќи.<br>• Допрва ќе се финализира договорот за прекугранична железничка соработка со Грција<br>• Понатамошното усогласување со големи делови од acquis за единствената европска железничка област продолжува да се одложува. Железничкиот пазар допрва треба да се отвори на домашно ниво. | Министерство за транспорт и врски | • да се обезбеди квалификуван оперативен и административен капацитет на инспекциските тела и да се развие нивниот капацитет за спроведување за да се намалат смртните случаи на патиштата и железничката инфраструктура<br>• Да се спроведат мерките за реформа на поврзувањето за железничката реформа и да се отвори пазарот на железнички транспорт, да се измени националното законодавство за да се отстранат прекршувањата на одредбите од Договорот за транспортна заедница за отворање на железничкиот пазар и да се финализираат договорите/ протоколот за граничен премин што чекаат |
| Спроведување на Акцискиот план за патишта. | 2022 | • Не се усвоени и имплементирани акциски планови за инспекција и ревизија на безбедноста на патиштата.<br>• Извршното тело за безбедност на сообраќајот на патиштата сè уште не е формирано бидејќи законот не е усвоен. Не се усвоени и имплементирани акциски планови за инспекција и ревизија на безбедноста на патиштата. | Министерство за транспорт и врски | Инспекциските тела - Управата за безбедност на железницата и Државниот транспортен инспекторат, кои се одговорни за надзор над спроведувањето на релевантните закони и правила во транспортниот сектор, сепак, и двете треба да ги зајакнат неговите имплементарни и технички капацитети, поради недоволниот кадар и немање стручна експертиза за увид. |
| Спроведување на Акцискиот план за патишта. | 2024 | • Националното тело за несреќи и истрага сè уште треба да се формира.<br>• Спроведувањето и техничкиот капацитет на Државниот инспекторат за транспорт остануваат слаби.<br>• Петгодишниот план за одржување на патиштата не е објавен од 2017 година. | Министерство за транспорт и врски | • Усвојување и спроведување на законодавството за интелигентни транспортни системи<br>• Треба да се постигне поголем напредок во развојот на акциониот план што ќе ја придружува стратегијата 2018-2030 |

33 https://api.klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/e779dd71f60551711b267dd83f155eb646edfe64c4d9ce6810 42ddff208aea1b.pdf - третиот двогодишен извештај

34 https://api.klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/e779dd71f60551711b267dd83f155eb646edfe64c4d9ce6810 42ddff208aea1b.pdf - третиот двогодишен извештај

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Подготовка и спроведување на планови за отпорност на климатски промени за сообраќајните мрежи на економиите на Западен Балкан. | 2022 | • Нема конкретни регулативи, обврски и референци во врска со климатската заштита на инфраструктурата во Северна Македонија<br>• Различни стратегии, а особено новата долгорочна стратегија за климатска акција обезбедува силна основа за вклучување на процесот на заштита од климата во инфраструктурните проекти.<br>• Потенцијално веќе постојат активности поврзани со климатската заштита од инфраструктурата кои не се систематски препознаени како градење отпорност.<br>• Стратегиите за адаптација на климата се развиваат на локално ниво, вклучувајќи и придружни анализи[35] | Министерство за транспорт и врски | • Потребно е да се направи ажурирање на барањата според секундарното законодавство поврзани со процените на влијанието врз животната средина, според Законот за животна средина, за да вклучи процена на климатската ранливост и идентификација на можни мерки за климатска адаптација – усогласување со активностите на Зелениот нов договор на ЕУ.<br>• Размислете за нерегулаторна имплементација на критериумите за отпорност на климата за инфраструктурни проекти преку набавки и/или тематски иницијативи<br>• Да се вклучи „отпорноста на климатските промени" како основен услов за градба според Законот за градење.[36] |
| Промовирање на подготовката и спроведувањето на Планови за одржлива урбана мобилност за урбаните области на Западен Балкан. | 2025 | Преку регионален проект имплементиран од ГИЗ и поддржан од ОРФ-ЕЕ (Отворен регионален фонд за Југоисточна Европа – Енергетска ефикасност), Куманово, Кавадарци, Охрид, Битола и Карпош во Северна Македонија креираа планови за одржлива урбана мобилност.<br>Општина Велес донесе план за одржлива урбана мобилност за Велес 2019-2030 година.[37] | Министерство за транспорт и врски | Промоција на одржливи методи на патување за сите групи граѓани, со акцент на младите. |
| Дефинирање на решенија за одржлива мобилност на регионално ниво вклучително и планови за употреба на алтернативни горива. | 2024 | Северна Македонија ја нема транспонирано Директивата за алтернативна инфраструктура за гориво, но во јули 2021 година Министерството за економија иницираше изготвување и консултација на Законот за биогорива со кој за првпат ќе се регулира прашањето за биогоривата што се користат во транспортот.<br>Користењето на алтернативни извори на енергија има клучна улога во намалувањето на емисиите на CO2. ТИТАН Цементарница Усје АД Скопје за употреба на алтернативни горива поседува Измена на А-Интегрираната еколошка дозвола за усогласување со оперативен план. [38]<br>За постигнување на климатска неутралност со употреба на алтернативни горива, ЕУ со директивата 2009/30/ЕС овозможува мешање на етанол во бензин до 10 проценти, како и Fatty acid methyl ester, односно биодизел во дизел горивата со содржина од 7 проценти. Следејќи ги европските стандарди и препораки, „Макпетрол" во 2007 година изгради сопствена фабрика за производство на биодизел. [39] | • Влада на Република Северна Македонија<br>• Министерство за економија<br>• | Со цел да се постигне учество од 10% на биогорива до 2030 година мора да се донесе Законот за биогорива и Акцискиот план. [40] |

35 https://api.klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/5b1452b4c461bda40444a8d0b147edac5b910103ae2e3402c0a4708d7ef8a871.pdf

36 https://api.klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/5b1452b4c461bda40444a8d0b147edac5b910103ae2e3402c0a4708d7ef8a871.pdf

37 https://procurement-notices.undp.org/view_file.cfm?doc_id=254167

38 https://www.moepp.gov.mk/2019/12/%D0%BA%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D1%9A%D0%B5%D1%82%D0%BE-%D0%BD%D0%B0-%D0%B0%D0%BB%D1%82%D0%B5%D1%80%D0%BD%D0%B0%D1%82%D0%B8-%D0%B2%D0%BD%D0%B8-%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%80%D0%B8-%D0%BD/

39 https://www.carclub.mk/2020/02/12/kolku-se-koristat-alternativnite-goriva-za-transportot/

40 https://www.economy.gov.mk/content/Official%20NECP%20-%20MK%20version_11465878.pdf - НАЦИОНАЛЕН ПЛАН ЗА ЕНЕРГИЈА И КЛИМА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Дефинирање на план за воведување и изградба на станици за полнење на електрични возила. | 2022 | Во националниот план за енергија и клима на РСМ е предвидено до 2040 година учеството на електрични возила и полначи за хибридни електрични возила во вкупните патнички километри да биде 45%. [41]<br><br>Досега се воведени 34 полначи на територија на цела РСМ.[42]<br><br>**Меѓутоа во Министерството за економија не се предвидени законски измени** и **олеснувања во поглед на поголемо користење на електрични возила и нема предвидено програма со која ќе се врши субвенционирање на компаниите за инсталирање на полначи за електрични возила**. **(мај 2023 за 360 степени)**[43] | • Влада на РСМ<br>• Министерство за економија<br>• Министерство за транспорт и врски<br>• Министерство за внатрешни работи | • Изработка на студии за одредување на најдобри локации за поставување на полначи во електроенергетската мрежа и нивно инсталирање.<br>• Планирање и одобрување на инфраструктурата за станици за полнење |
| Зајакнување на регионалната соработка во областа на развојот на инфраструктурата за алтернативни горива. | 2023 | Во Северна Македонија во моментов нема воведени и понудени субвенции за набавка на возила со нулта емисија на штетни гасови.<br><br>Сепак, во септември 2023 година започна нов проект за техничка помош финансиран од ЕУ за гасоводот за интерконекција помеѓу Северна Македонија и Србија. | • Влада на РСМ<br>• Министерство за економија<br>• Министерство за транспорт и врски<br>• Министерство за внатрешни работи | Предлог-законите за енергетска инфраструктура и за биогорива допрва треба да се усвојат и да се усогласат со релевантните регулативи на ЕУ. |

41 https://www.economy.gov.mk/content/Official%20NECP%20-%20MK%20version_11465878.pdf - НАЦИОНАЛЕН ПЛАН ЗА ЕНЕРГИЈА И КЛИМА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

42 https://emobility.evn.mk/charging-stations/Charger-locations.aspx - мапа на полначи

43 https://360stepeni.mk/video-postojat-li-uslovi-za-da-se-vozat-elektrichni-vozila-vo-s-makedonija-nedovolna-infrastruktura-i-soobrakajna-nekultura/